Синдикална минимална кошница за месец март 2026 година

Вредноста на синдикалната минимална кошница за месец март 2026 година изнесува 67 818,00 денари, споредена со вредноста на синдикалната минимална кошница за месец февруари 2026 год. која изнесува 67 382,00 денари е зголемена за 436,00 денари. Со изнајмен стан од 60 квадрати за месец март изнесува 83 193,00 денари. Зголемувањето на вредноста на синдикална минимална кошница за трите месеци јануари, февруари и март 2026 година изнесува 2326,00 денари.

Структура на новата СМК за месец март 2026 година

	Месечно по домаќинство	Структура во проценти
01 Храна и пијалаци	25.292	37,3
02 Облека и обувки	6.024	8,9
03 Станарина, вода, електрична енергија, и греење	6.338	9,3
04 Лична хигиена и оддржување на хигиена во домот	2.682	4,0
05 Здравје	1.185	1,7
06 Транспорт	4.865	7,2
07 Комуникации	3.417	5,0
08 Рекреација и култура	5.592	8,2
09 Образование	7.192	10,6
10 Ресторани и хотели	4.131	6,1
11 Останати стоки и услуги	1.100	1,6
Вкупно СМК	**67.818**	**100,0**

03.	Станарина, вода, електрична енергија и греење (со изнајмен стан 60м2)	21.713	
Синдикална минимална кошница вкупно:		83.193	100 %